РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 08-147
15.03.2016 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 во врска со алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), член 261 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11), член 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), и член 28 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија", бр.62/06 и 150/10), постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-147 од 11.03.2016 година, на м-р Емилија Јаневска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, за донесување одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-68 од 07.03.2016 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН" ДООЕЛ Скопје, а согласно Заклучокот, бр.02-1359/3 од 15.03.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 12-та седница одржана на 15.03.2016 година донесе:

# ОДЛУКА
## за поништување на одлуката за одземање на дозвола за телевизиско емитување

1. **СЕ ПОНИШТУВА** Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-68 од 07.03.2016 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН" ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година („Службен весник на Република Македонија", бр.46/16).

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН" ДООЕЛ Скопје, најдоцна до 18.03.2016 година, да ги исполни следниве финансиски и други обврски, и тоа:
   - да ги плати трошоците во износ од 9.000,00 денари, со вклучен ДДВ, за објавување на Одлуката за одземање на дозволата Уп1 бр.08-68 од 07.03.2016 година, во "Службен весник на Република Македонија"- по Фактура бр.813-6849/27;
   - да ги плати трошоците во износ од 22.633,00 денари за објавување на Одлуката за одземање на дозволата Уп1 бр.08-68 од 07.03.2016 година, во 2 (два) дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија (по Фактура бр.0862 од 07.03.2016 година и Фактура бр.241-16 од 08.03.2016 година);

- да ги плати трошоците во износ од 9.000,00 денари со вклучен ДДВ, за објавување на Одлуката за поништување на одлуката за одземање на дозвола за телевизиско емитување во "Службен весник на Република Македонија", и
- да ја повлече тужбата УЗ бр.214/16, поднесена до Управиот суд на Република Македонија, на ден 09.03.2016 година, против Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за поништување на Одлуката за одземање на дозволата Уп1 бр.08-68 од 07.03.2016 година.

3. Оваа одлука стапува во сила на ден 18.03.2016 година, под услов Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН" ДООЕЛ Скопје, навремено да ги исполни сите финансиски и други обврски, содржани во точката 2 од оваа одлука, кон Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и за тоа да достави доказ до Агенцијата.

Доколку радиодифузерот Трговско радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН" ДООЕЛ Скопје, не ги исполни обврските содржани во точката 2 од оваа одлука во наведениот рок, останува во сила Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-68 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за телевизиско емитување („Службен весник на Република Македонија", бр.46/16).

4. По стапувањето во сила на оваа одлука, Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН" ДООЕЛ Скопје, да се запише во регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

5. Оваа Одлука да се објави во „Службен весник на Република Македонија", и на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 10-та седница одржана на 29.02.2016 година, согласно заклучокот, бр.02-1148/11 од 07.03.2016 година, донесе Одлука Уп1 бр.08-68 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН" ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година („Службен весник на Република Македонија", бр.46/16), поради тоа што не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок.

Советот на Агенцијата, постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-147 од 11.03.2016 година, на м-р Емилија Јаневска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, за донесување одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-68 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН" ДООЕЛ Скопје, истиот го усвои и на својата 12-та седница, одржана на ден 15.03.2016 година, согласно Заклучокот на Агенцијата, бр. 02-1359/3 од 15.03.2016 година, донесе одлука со која ќе се пристапи кон поништување на Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-68 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН" ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година („Службен весник на Република Македонија", бр.46/16), согласно законската можност содржана во член 261 од Законот за општа управна постапка, член 141 од Законот за општата

управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15) и член 28 став 1 од Законот за управните спорови, откако Трговско радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН“ ДООЕЛ Скопје, најдоцна до 18.03.2016 година, ќе ги исполни следниве финансиски и други обврски, и тоа:

- да ги плати трошоците во износ од 9.000,00 денари, со вклучен ДДВ, за објавување на Одлуката за одземање на дозволата Уп1 бр.08-68 од 07.03.2016 година, во "Службен весник на Република Македонија"- по Фактура бр.813-6849/27;
- да ги плати трошоците во износ од 22.633,00 денари за објавување на Одлуката за одземање на дозволата Уп1 бр.08-68 од 07.03.2016 година, во 2 (два) дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија (по Фактура бр.0862 од 07.03.2016 година и Фактура бр.241-16 од 08.03.2016 година);
- да ги плати трошоците во износ од 9.000,00 денари со вклучен ДДВ, за објавување на Одлуката за поништување на одлуката за одземање на дозвола за телевизиско емитување во "Службен весник на Република Македонија", и
- да ја повлече тужбата УЗ бр.214/16, поднесена до Управиот суд на Република Македонија, на ден 09.03.2016 година, против Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за поништување на Одлуката за одземање на дозволата Уп1 бр.08-68 од 07.03.2016 година.

Доколку радиодифузерот Трговско радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН“ ДООЕЛ Скопје, не ги исполни наведените обврски, во утврдениот рок останува во сила Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-68 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за телевизиско емитување („Службен весник на Република Македонија“, бр.46/16).

Не е спорно дека Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН“ ДООЕЛ Скопје, на ден 09.03.2016 година, до Управен суд на Република Македонија има поднесено тужба против Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-68 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за телевизиско емитување, бр.08-11 од 05.01.2015 година.

Не е спорно дека Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН“ ДООЕЛ Скопје, во целост ја исполни својата обврска за плаќање на надоместокот за дозволата за телевизиско емитување. Имено, со уплатата во износ од 881.281,00 (осумстотиниосумдесетиеднаиљјадаидвестеосумдесетиеден) денар, на ден 08.03.2016 година, во целост ја исполни својата обврска, со што престанал да постои основот - неплаќање на надоместокот во законски утврдениот рок пропишан во член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на кој Советот на Агенцијата, донел одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

Со оглед на законските решенија за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-68 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за телевизиско емитување бр.08-11 од 05.01.2015 година, содржани во член 261 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр. 38/2005 и 110/2008) член 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15) и член 28 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на РМ“ бр. 62/2006, бр. 150/2010), врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 во врска со алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), согласно

Заклучокот, бр. 02-1359/3 од 15.03.2016 година, Советот на Агенцијата, одлучи како во изреката на оваа одлука.

Согласно член 24 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, оваа Одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против оваа одлука, ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, има право да поднесе тужба до надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка подршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје;
- Агенција за електронски комуникации.